Друштво за приредување игри на среќа
ДЕЛТА БЕТ ДОО
Бр. 03-2223
08.04.2021 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

Ул. Даме Груев бр. 12, 1000 Скопје,

Министер за финансии, г-дин Фатмир Бесими

---

# ЗАБЕЛЕШКИ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ЗАКОНОТ ЗА ИГРИ НА СРЕЌА И ЗАБАВНИ ИГРИ

---

Почитувани,

Со овој допис, Ви се обраќаме во врска со Предлог законот за измени и дополнувања на Законот за игри на среќа и забавни игри (во понатамошниот текст „**Предлог**“), објавен во Националниот електронски регистар на прописи на Република Северна Македонија.

Индустријата за игри на среќа во сите развиени држави претставува многу важен извор на приходи за државните буџети, генератор е на раст на бројот на работни места за професионалци од различни образовни профили, а посредно позитивно влијае врз другите индустрии и го поттикнува нивниот развој (пред се туризмот, ИТ и електронска индустрија и услужните дејности). Токму поради тоа, многу внимателно се разгледуваат механизмите со кои се зголемува полнењето на буџетот, а истовремено се стимулираат домашните приредувачи на игри на среќа да го унапредат и прошират работењето на сопствените и другите пазари, што дополнително доведува до уште поголеми приноси во буџетот.

Имајќи ги предвид горенаведените цели, како увидот во споредливи законски решенија и примери на добра практика во земјите на Европската унија, промената на регулативата од областа на игрите на среќа треба да овозможи:

• Систематско и сеопфатно регулирање на пазарот на игри на среќа;

• Елиминација на неовластено организирање на сите видови игри на среќа;

• Сузбивање на сивата економија во оваа област;

• Поттикнување на здрава пазарна конкуренција;

• Квалитетен развој на полето на игри на среќа;

• Стабилни приходи во буџетот на Република Северна Македонија врз основа на надоместоци од игри на среќа.

Затоа, чувствуваме потреба и обврска да укажеме на недореченоста и штетноста на одредени предложени одредби, кои не само што нема да придонесат за поголем прилив во буџетот и да го намалат малолетничкото коцкање, туку, исто така, ќе доведат до укинување на работни места и престанок на работата на приредувачите.

## I

## Оддалеченост од образовни институции (основни и средни училишта)

На прво место, станува збор за одредбите од Предлог законот со кои се воведува задолжителна оддалеченост на уплатно-исплатните места на обложувалниците, автомат клубовите и објектите каде што се организира томбола од затворен тип, како и електронски игри на среќа, од најмалку 500 (петстотини) метри од образовни институции - основни и средни училишта. Сите странски истражувања (**студијата на Институтот за ментално здравје од Торонто, студија на Метрополитен универзитетот во Манчестер** и други) укажуваат дека не постои влијание на оддалеченоста врз порастот на учеството на малолетници во игрите на среќа. Резултатите од истражувањето покажаа дека присуството на места за коцкање и обложување не влијаат на фреквенцијата на коцкање и развојот на самата патологија. Резултатите од овие истражувања се преточени во законодавната практика на повеќето земји, кои не поставуваат ограничувања на оддалеченоста, туку превенцијата се врши со целосна забрана за влез за малолетници и големи казни за прекршителите.

Со постојниот Закон за игри на среќа и забавни игри („Службен весник на Република Македонија", бр. 24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14 , 61/15, 154/15, 23/16 и 178/16 - во понатамошниот текст: „Закон"), прашањето за забрана за учество на малолетници (како и влез во објекти - казина, простории каде што се организира томбола од затворен тип, обложувалници и автомат клубови) веќе е строго регулирано со став 1, член 20 од Законот, кој пропишува дека „лицата под 18 години не можат да учествуваат во игри на среќа", и дополнително со став 3 од истиот член според кој „на лица на возраст под 18 години не им е дозволено да влезат во казина, во простории каде што се организира томбола од затворен тип, во обложувалници и во автомат клубови". Законодавецот исто така пропишува и обврска на приредувачите на игри на среќа да спречат учество на лица на возраст под 18 години во игри на среќа, како и високи казни за приредувачи на игри на среќа поради повреда на одредбата од член 20 од Законот за игри на среќа и забавни игри.

Тоа го отвора прашањето за потребата и оправданоста на оваа одредба во ситуација кога постојното законско решение целосно го регулира ова прашање и веќе постои правен основ и инструмент на државата за контрола и спречување на учество на лица под 18 години во игри на среќа. Според тоа, не може да се очекува дополнителен позитивен ефект од предложените измени и дополнувања на Законот за игри на среќа и забавни игри, со кои се воведува задолжителна оддалеченост на уплатните места на обложувалниците, автомат клубовите и објектите каде што се организира томбола од затворен тип и електронски игри на среќа од најмалку 500 (петстотини) метри од основните и средните училишта заради заштита на лицата на возраст под 18 години, а од друга страна, негативните ефекти од предложените измени во однос на приредувачите на игри на среќа и индиректно во однос на државата, се исклучително големи.

Со воведувањето на минимална оддалеченост на уплатните места од најмалку 500 (петстотини) метри од основните и средните училишта, на приредувачите на игри на среќа во обложувалници и автомат клубови **директно им се одзема правото на континуитет на работењето и вршењето на дејноста стекнато врз основа на законот, односно од правото на работа и остварување на приходи од регистрирана дејност на места каде што приредувачот работи со години и каде ја стекнал довербата од своите клиенти.** Одредбите на Законот за изменување и дополнување на Законот за игри на среќа и забавните игри **не смеат да ги нарушат стекнатите права на приредувачите на игри на среќа. Имено приредувачите на игри на среќа, организираат игри на среќа врз основа на Законот за игри на среќа и**

**забавните игри и одобрување од Министерството за финансии за локацијата уплатно-исплатното место за обложувалница или автомат клуб. Со цел почитување на начелата за правна сигурност, Министерство за Финансии и Собранието на Република Северна Македонија не се овластени да пропишуваат одредби со кои ретроактивно ги регулираат просторните услови за отварање на уплатно-исплатни места во обложувалница и автомат клуб, односно немаат право на пропишување оддалеченост** од најмалку 500 (пет стотина) метри од основни и средни училишта **за веке постоечките уплатно-исплатни места, т.е. уплатно-исплатните места во кои веќе се приредуваат игри на среќа.**

Предложените измени и дополнувања на Законот за игри на среќа и забавни игри во врска со оддалеченоста на уплатните места на обложувалниците, односно автомат клубовите од образовните институции ќе резултираат во затворање на голем број деловни единици и укинување на стотици работни места. Оваа одредба, која несомнено води кон гасење на стопански субјекти, го губи целото значење кога ќе се земе предвид дека малолетничката популација секогаш ќе настојува да најде начин да учествува во игри на среќа и дека целосна превенција може да се изврши само со доследно спроведување, како што претходно истакнавме, на забраната за влез за малолетници и високи казни за прекршителите.

Понатаму, при изготвувањето на Законот за измени и дополнувања на Законот за игри на среќа и забавни игри, не само што не беа земени предвид негативните импликации и последиците кои ваквите измени неизбежно ќе ги предизвикаат кај приредувачите на игри на среќа во обложувалници и во општеството во целина, туку не се водело сметка ни за реалната ситуација на територијата на Република Северна Македонија.

Имено, предложеното воведување на минимална оддалеченост како ограничувачка мерка за обложувалници и автомат клубови е невозможно и неизводливо на терен, односно очигледно е дека при изработката на Предлог законот не се земал предвид фактот дека во помалите градови во Република Северна Македонија, кои имаат една главна улица и неколку споредни, образовните институции се наоѓаат во централниот дел на градот, каде што истовремено се лоцирани и деловните објекти, со што целосно спречува отворање на уплатни места во сите мали градови низ Република Северна Македонија.

Покрај тоа, кога се работи за градот Скопје, имајќи ја предвид густината на населението, површината на градот и неговата изграденост, особено присуството на голем број образовни институции, неспорно е дека не постои простор каде приредувачите на игри на среќа во обложувалници или автомат клубови би можеле да отворат улатно – исплатни места.

## II

## Важење на лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалници и зголемување на бројот на уплатно – исплатни места

Сметаме дека постојното законско решение кое предвидува траење на лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалници во период од три (3) години ги става во нерамноправна положба наведените приредувачи во однос на останатите приредувачи на игри на среќа чија лиценца важи шест (6) години и во таа смисла предлагаме со Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за игри на среќа и забавни игри да се измени став 1, член 74 од постојниот Закон за игри на среќа и забавни игри („Службен Весник на Република Македонија "бр. 24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16 и 178 / 16) и да гласи како што следува:

„Лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалници се издава на **период од шест години**.“

Постојното законско решение, покрај тоа што ги доведува во нерамноправна положба приредувачите на игри на среќа во обложувалници, негативно влијае и на безбедноста на работењето на овие приредувачи и претставува непотребен бирократски товар при обновување на лиценцата на секои три години за истите правни субјекти кои работат во согласност со законот и ги исполнуваат сите пропишани услови. Од друга страна, со предложената законска одредба се гарантираат приходи во буџетот на државата кои ќе се остварат врз основа на приредување на игри на среќа во обложувалници во период од шест години.

Покрај тоа, кога станува збор за член 13 од Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за игри на среќа и забавни игри, со кој се воведуваат два нови става (4) и (5) во членот 74, на мислење сме дека за секое уплатно – исплатно место над утврдениот лимит од 25 уплатно – исплатни места, приредувачот треба да плати еднократен надомест во износ од **2.000 евра во денарска противвредност**, што претставува максимален можен износ во денешните услови, кога целата индустрија на игри на среќа е на работ на опстанок и повеќе од една година речиси и да не работи. Секое поголемо фискално оптоварување значително би го загрозило работењето на целокупната индустрија на игри на среќа, бидејќи би ја зголемило миграцијата на играчите кон нелегалните приредувачи, заради нивната поатрактивна понуда.

## III

## Износ на посебната давачка за приредување на игри на среќа во обложувалници

Во членот 14 од Предлог законот, со кој се врши измена на пресметката на посебната давачка за приредување на игри на среќа во обложувалници, предложениот став (1) треба да се измени така што доколку надоместокот од 20% на разликата помеѓу вкупните остварени уплати и вкупните остварени исплати, е помал од износот добиен со множење на бројот на уплатно-исплатни места со **500 евра** (*наместо предложените 900 евра*), во тој случај се плаќа надоместок во износ **од 500 евра** во денарска противвредност по уплатно-исплатно место. Имено, ова претставува најголемото можно фискално оптоварување за приредувачите на игри на среќа во обложувалници во денешните услови, како и околностите предизвикани од здравствената состојба во земјата, односно епидемијата на заразната болест КОВИД-19, предизвикана од вирусот САРС-КоВ-2, како резултат на што целата индустрија на игри на среќа е на работ на опстанок и скоро и да нема деловна активност веќе подолго од една година, доколку намерата е да се постигне оптимално ниво на даночна ефикасност и уделот на дејноста на игри на среќа која се одвива во легални економски рамки. Секое поголемо фискално оптоварување значително би го загрозило работењето на целата индустрија на игри на среќа, бидејќи тоа би ја зголемило миграцијата на играчите кон нелегални приредувачи и ќе произведе негативни ефекти во однос на буџетските приходи на Република Северна Македонија.

Имајќи го во предвид исклучително високиот степен на достапност на интернетот и влијанието на оф-шор интернет приредувачите, потребно е да се води сметка дека нашето законодавство во областа на игрите на среќа е конкурентно и на регионално и на глобално ниво. Доколку нашите регулативи во овој домен не се конкурентни, домашната индустрија се гуши и пазарот неизбежно ќе им се препушти на странските оператори кои работат од зони со многу поповолни даночни третмани за приредувачите.

## IV

## Услови за добивање на лиценца за приредувачите на интернет игри на среќа

Членот 23 од Предлог законот, со кој се врши дополнување на членот 104 од Законот за игри на среќа и забавни игри, ги предвидува следниве услови за добивање лиценца за приредување на интернет игри на среќа :

4) Приредувачот да поседува лиценца за приредување на други игри на среќа најмалку 12 месеци пред да поднесе барање за добивање на дозвола за приредување на интернет игри на среќа;

5) Да има најмалку 300 вработени;

6) Да се остварува годишен приход од игри на среќа од најмалку 10.000.000 евра.

Горенаведените услови не само што се дискриминирачки во однос на најголемиот број на приредувачи на игри на среќа, туку и претставуваат решенија кои се без преседан во споредбеното право и практика. Од таа причина, предлагаме во точка 5) минималниот број на вработени да се намали од 300 на **150**, а **точка 6) да се избрише во целост,** со оглед на тоа што условите од точка 4) и изменетата точка 5) на начин како што е предложено тука, се доволна гаранција дека Министерството за финансии ќе издаде лиценца за приредување на интернет игри на среќа на реномиран и сериозен приредувач.

## V

## Рок за усогласување со одредбите од Законот

Рокот од една година од член 32 и член 33 од Предлог законот е прекраток и може да има негативни ефекти за опстанокот на приредувачите на игри на среќа. Предлагачот на прописот треба да се изјасни дали го анализирал овој многу веројатен негативен ефект, односно можноста приредувачите на игри на среќа да се прилагодат на новите услови на работењето во тек на една година, што би подразбирало рокот да се продолжи од една на **две години** од датумот на стапување на сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за игри на среќа и забавни игри.

Покрај тоа, сметаме дека **ограничувањето во поглед на оддалеченоста на обложувалниците или автомат клубовите од основните и средните училишта не треба да се применува за локации за кои приредувачот имал одобрение за приредување на игри на среќа во обложувалници, односно приредување на игри на среќа во автомат клубови, пред почетокот на примената на Законот за изменување и дополнување на Законот за игри на среќа и забавни игри.** Правата на инвеститорите врз основа на вложените средства се заштитени со Уставот на Република Северна Македонија, како и со договори склучени со земјите-членки на ЕУ од крајот на 1960-ти до денес, а чии принципи Република Северна Македонија е должна да ги спроведува, почнувајќи од Договорот за стабилизација и асоцијација, кој преставува рамка за односите меѓу Северна Македонија и Европската унија. Горенаведените прописи предвидуваат дека инвеститорите уживаат целосна правна сигурност и правна заштита во однос на правата и привилегиите стекнати со странски инвестиции и нивните права стекнати во моментот на инвестирање не можат да бидат укинати, поништени или намалени со дополнителни измени и дополнувања на законските и подзаконските акти.

Инвестициите се важен фактор за раст и работни места и се клучни за создавање и одржување на дејноста, создавајќи не само нови можности на пазарот, туку и додадена вредност, работни

места и приходи. Предложените измени имаат спротивен ефект, загрозувајќи ја безбедноста на инвестициите и испраќајќи лоша порака до другите стопански гранки.

Несоодветните решенија од Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за игри на среќа и забавни игри, доколку бидат усвоени, ќе поттикнат гасење на законските приредувачи на игри на среќа во обложувалници, преминување на играчите на сивиот пазар и со тоа помали приходи во буџетот. Патем, еден од најзначајните проблеми на пазарот на игри на среќа во Република Северна Македонија е постоењето на нелегален пазар. Таков пазар „де факто“ постои, а прашањето е само колку е голем и од што зависи неговата големина. Оптоварувањата кои би биле воведени за приредувачите, целосно би го промениле деловното окружување на штета на приредувачите на игри на среќа и би довеле до непоправливи штетни последици за сите субјекти врз кои би биле применети такви решенија, а сите заедно негативно ќе влијаат на целокупниот економски и социјален амбиент.

Во Скопје, 08.04.2021 година

Друштво за приредување игри на среќа
ДЕЛТА БЕТ ДОО Скопје

Слободан Веселиновиќ, управител